13980

**pres-kliping • press-clipping**

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Isečak iz lista
Newspaper cutting

13. XI. 1970

# КРАТКА ИСТОРИЈА НА МУЗЕЈОТ

**Непосредно по катастрофалниот земјотрес што го задеси Скопје на 26 јули 1963 година започна спонтаната акција меѓу ликовните уметници од цела Југославија за собирање на дела за пострадаsuccniот град. Меѓу првите институции кои се вклучуваат во акцијата се УЛУХ, ЈАЗУ и Модерната Галерија од Загреб.**



Ордан Петлевски: „Првобитни форми“ (Од колекцијата на Музејот на современата уметност, Скопје)

Во октомври 1963 година, на својот конгрес во Њујорк АИАР, Меѓународно здружение на пластичните уметности упати апел до сите уметници во светот преку испраќање на свои дела да ја покажат солидарноста со урнатиот град. Сличен апел наскоро потоа испраќа и АИЦА, Меѓународно здружение на ликовните критичари. Како резултат на тоа разни истакнати личности од културниот, јавен и политички живот во земјата и странство почнуваат да ја помагаат оваа акција.

Во октомври 1963 година именуван е Иницијативен одбор на Галеријата на модерна уметност (првобитен назив на сегашниот Музеј) од низа истакнати претставители на југословенскиот научен, културен и јавен живот. Одборот низ својата работа ја оформува физиономијата на институцијата и ѝ го дава сегашното име: Музеј на современата уметност.

На предлог на Иницијативниот одбор и на Советот за култура, Градското собрание на Скопје го основува Музејот на 12 февруари 1964 година. За директор на Музејот е поставен Борис Петковски.

Полската влада, во договор со Градското собрание на Скопје, решава на своја сметка да распише национален конкурс за проект на зградата на Музејот и да ја финансира изработката на сета потребна техничка документација. Конкурсот, распишан преку Здружението на полските архитекти 1966 година, има извонредно голем одзив: 89 учесници. Меѓу нив одбран е проектот чии автори се тројца архитекти: Мокшински, Клишевски и Вјежбицки.

Во меѓувреме продолжува акцијата за собирање на ликовни дела за Скопје и во земјата и во странство. Уметниците од целиот свет испраќајќи свои слики, скулптури и графики оформуваат една навистина значајна колекција на уметнички дела.

Макар и без свои простории Музејот успева да работи врз својата идна физиономија: ја потполнува колекцијата, создава документација за неа, отвора низа изложби.

Со реализација на проектот на зградата на Музејот се почнува во 1969 година. И денес, на годишнината на своето ослободување, Скопје го добива Музејот на современата уметност: завршената зграда и оформената колекција во неа.